Република Северна Македонија
**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
„Битолска“ бб,7240 Демир Хисар тел.047-552-661

Бр. 16-133/6
28.03. 2025 година

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

**ЗА ИЗВРШЕНАТА РЕВИЗИЈА НА**
**СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРЕПОРАКИТЕ ДАДЕНИ ВО РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ОД СПРОВЕДЕНИТЕ РЕВИЗИИ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ВО 2024 ГОДИНА**

- Ревизија на процесот на управување со ризиците во општина Демир Хисар
- Ревизија на регуларност на процесот на легализација на бесправно изградените објекти во општина Демир Хисар
- Ревизја на расходите во финансиските извештаи за 2023 г во ЈОУДГ „Втори септември“ Демир Хисар
- Ревизија на финансиски извештаи во 2023-2024 во ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

**Доставено до:**

**-Градоначалник на општина Демир Хисар**

Демир Хисар, март 2025 година

## СОДРЖИНА


| | | **страна** |
|---|---|---|
| | ***Насловна страна*** | 1 |
| 1. | ***Извршно резиме*** | 3 |
| | Предмет и цели | |
| | Вовед и општи информации | |
| | Заклучок | |
| 2. | ***Детален извештај*** | 4 |
| 2.1 | Ревизија на процесот на управување со ризиците | 4 |
| 2.2 | Ревизија на регуларност на процесот на легализација на бесправно изградените објекти во општина Демир Хисар | 5 |
| 2.3 | Ревизија на расходите во финансиските извештаи за 2023 година во детската градинка „Втори Септември“ Демир Хисар | 7 |
| 2.4 | Ревизија на усогласеност на финансиските извештаи во ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2023 и 2024 година (30.09.2024) | 8 |

## 1.ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

**Предмет и цели**

Предмет на ревизија е ревизија на следење на спроведување на препораките по ревизорските извештаи дадени за извршените ревизии во општината Демир Хисар во текот на 2024 година.

Цел на ревизијата е да се добие уверување дека е постапено по дадените препораки презентирани во Конечните извештаи од спроведените ревизии во 2024 година и утврдените рокови за нивно имплементирање дадени во Акционите планови.

**Вовед и општи информации**

Ревизијата е извршена согласно членовите 28, 39 и 40 од Законот за системот на внатрешната финансиска контрола во јавниот сектор ( Службен весник на РСМ бр.255/2024) и Годишниот план за ревизија на Одделението за внатрешна ревизија за 2025 година бр.16-1058/5 од 13.12.2024 година.

Ревизијата е извршена во периодот од 01.01-15.03.2025 година од Валентина Павловска, раководител на одделението за внатрешна ревизија при општина Демир Хисар и Катерина Бошевска, помлад соработник-внатрешен ревизор.

Во овој извештај ќе дадеме уверување дали се преземени мерки и активности согласно дадените препораки во конечните извештаи од спроведените ревизии во општина Демир Хисар за 2024 година за отстранување на утврдените пропусти и подобрување на работењето во ревидираните субјекти.

Во 2024 година согласно донесениот Годишен план спроведени беа 5 (пет) ревизии од кои една ревизија е за следење на спроведувањето на препораките дадени во ревизорските извештаи по извршените ревизии во 2023 година и четири други:

- Ревизија на процесот на управување со ризиците во општина Демир Хисар
- Ревизија на регуларност на процесот на легализација на бесправно изградените објекти во општина Демир Хисар
- Ревизја на расходите во финансиските извештаи за 2023 г во ЈОУДГ „Втори септември“ Демир Хисар
- Ревизија на финансиски извештаи во 2023-2024 во ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

**Заклучок**

Од спроведената ревизија по дадените препораки во конечните извештаи во 2024 година можеме да заклучиме дека се преземени мерки и активности за отстранување на утврдените неправилности и пропусти во наодите. Согласно дадените препораки, кои се вкупно 17, спроведени се 9, делумно спроведени се 5, а неспроведени се 3.

## 2. ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

За утврдените наоди и дадените препораки во конечните извештаи од спроведените ревизии се преземени мерки и активности за отстранување на констатираните пропусти, при што добивме уверување за степенот на спроведувањето на препораките, детали од преземените активности се образложени во следната матрица поодделно за сите ревидирани субјекти.

### 2.1. Ревизија на процесот на управување со ризиците во општина Демир Хисар

| Ред. бр. | Препорака | Приоритет | Степен на исполнување (спроведена, делумно спроведена, неспроведена, нема информација) | Коментари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Да се формира работна група со решение од градоначалникот. | Среден | Неспроведена | Работната група составена од раководителите на одделенијата беше само усно формирана, без писмено решение и работеше на идентификацијата на ризиците. |
| 2. | Да се назначи координатор за управување со ризици кој треба да ја ажурира Стратегијата и да подготвува извештај. | Среден | Делумно спроведена | Има назначено лице за интергитет кое изготви: Процедура за внатрешна комуникација бр.01-1026/1 од 29.10.2024 година; Годишен план за спречување на корупцијата во Општина Демир Хисар за 2024 година бр.08-295/1 од 05.03.2024 година и Годишен план за проценка на ризик од корупција со Акциски план за 2024 година со бр. 08-296/1 од 05.03.2024 година. |
| 3. | Да се изготви книга на работни процеси со цел полесно утврдување на сите можни ризици. | Среден | Делумно спроведена | Работните процеси се опишани во донесените процедури и правилници<br>Оваа активност беше планирана и во планот за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола, но не е извршена. |

**2.2. Ревизија на регуларност на процесот на легализација на бесправно изградените објекти во општина Демир Хисар**

| Ред. бр. | Препорака | Приоритет | Степен на исполнување (спроведена, делумно спроведена, неспроведена, нема информација) | Коментари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Да се изготви и донесе пишана процедура за процесот на легализација на бесправно-изградените објекти. | Среден | Делумно спроведена | Во тек е изготвување на интерната процедура. |
| 2. | Раководното лице на општина Демир Хисар да преземе активности за спроведување на анализа на капацитетот и реална потреба на одделението за урбанизам за квалитетно извршување на надлежностите со пополнување и вработување по одделни категории на работни места. | Висок | Делумно спроведена | Утврдена е реалната потреба од кадровско доекипирање, но моментално потпишан е договорот за меѓуопштинска соработка со општината Могила за ангажирање на архитект кој ќе врши работи од надлежноста на одделението за урбанизам во општина Демир Хисар. |
| 3. | Во книгата за регистар на поднесените барања да се довнесат комплетно сите барања. | Среден | Спроведена | Пополнет е регистарот со сите поднесени барања. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Целосно прибирање на приходот на општината на име надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти со користење на механизмите за наплата на заостанатите рати од барателите. | Висок | Неспроведена | Заостанатите рати од барателите за легализираните објекти во завршените постапки се со застарени рокови, односно поминати повеќе од 10 години, па поради тоа нема начин за нивна наплата. |
| 5. | Користење на средствата од надоместот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти да се користи за законски утврдена намена. | Висок | Делумно спроведена | Во 2024 година од буџетската програма F10 Урбанистичко планирање планирани се 50.000,00 денари, а реализирани се 27.749,00 денари ( 5.329,00 денари изработка на ГЕ за нумерички податоци за КП 233/3 КО Стругово, 22.420,00 денариза изработка на ГЕ за нумерички податоци за КП 1703/1 КО Демир Хисар. |
| 6. | Да се доставува Годишен извештај за наменското користење на собраните средства од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправен објект до Министерството за транспорт и врски. | Среден | Неспроведена | Одделението за урбанизам доставува извештај за собраните средства од надоместокот до Одделението за финансиски прашања. Во 2024 година остварените приходи од надоместокот за легализација изнесуваат 61.283,00 денари. |

## 2.3. Ревизија на расходите во финансиските извештаи за 2023 година во детската градинка „Втори Септември“ Демир Хисар

| Ред. бр. | Препорака | Приоритет | Степен на исполнување (спроведена, делумно спроведена, неспроведена, нема информација) | Коментари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Изготвување на интерна процедура за подготвување и регулирање на процесот на контролирање на влезните фактури. | Среден | Спроведена | Донесена е интерната процедура за постапувањето со влезните фактури со бр.02-97/8 на 26.12.2024 година. |
| 2. | Изготвување на интерна процедура за спроведување на јавни набавки и интерна процедура за набавки без примена на правилата за јавни набавки. | Висок | Спроведена | Донесена е интерната процедура за спроведување на јавните набавки со бр.02-97/8 на 26.12.2024 година. Донесена е интерната процедура за спроведување на набавки без примена на правилата за јавни набавки со бр.02-97/7 на 26.12.2024 година. |
| 3. | Целосна и навремена евиденција(внесување) на набавките на стоки и услуги со вредност под вредносните прагови во квартална евиденција на ЕСЈН. | Среден | Спроведена | Внесени се сите набавки во кварталната евиденција. |
| 4. | Донесување на интерен акт – одлука за начинот и висината на исплата на патните трошоци за службени цели и на другите исплати на лицата или фирмите за извршената услуга или работа. | Висок | Спроведена | Донесена е одлука од УО бр. 02-97/5 од 26.12.2024 година. |
| 4а | Да се овозможи овие исплати да се вршат безготовински на трансакциите или жиро сметки. | Висок | Спроведена | Се постапува по дадената препорака. |

## 2.4. Ревизија на усогласеност на финансиските извештаи во ЛП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2023 и 2024 година (30.09.2024)

| Ред. бр. | Препорака | Приоритет | Степен на исполнување (спроведена, делумно спроведена, неспроведена, нема информација) | Коментари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Директорот да преземе активности за изготвување на пишана процедура за парично работење и за движење на влезните фактури. | Среден | Спроведена | Изготвен е Правилник за парично работење и движење на влезните фактури бр.01-73/1 од 25.03.2025 година.. |
| 2. | Да се донесе Правилник за утврдување на начинот и критериумите за донации и спонзорства. Исплата на донации да се врши после одобрување со одлука од Управниот одбор, | Среден | Спроведена | Изготвен е Правилник за донации бр.01-73/2 од 25.03.2025 година. |
| 3 | Да се донесе Правилник за начинот на користење на средствата за репрезентација. | Среден | Спроведена | Изготвен е Правилник за користење на средствата за репрезентација бр.01-65/1 од 11.03.2025 година. |

**Помлад соработник- внатрешен ревизор**
**Катерина Бошевска**
К. Бошевска

**Одделение за внатрешна ревизија**
**Раководител на одделение за ВР**
**Валентина Павловска**